## 1.2. Економска активност

***Индустриското производство во октомври 2003 година оствари месечен пораст од 1,7%...***

Октомври е месец во кој вообичаено се регистрирани двоцифрени стапки на месечен пораст на индустриското производство, главно поради зголеменото производство на вино. Сепак, во октомври 2003 година е регистриран умерен месечен пораст од 1,7%, кој се должи на високата споредбена основа од септември кога беше регистрирана зголемена индустриска активност, меѓудругото поради преместениот ефект од производството на вино. Во октомври 2003 година, пораст е регистриран речиси кај сите главни групи на индустриски производи (исклучок е производството на нетрајни производи за широка потрошувачка кое бележи пад од 14,1%). Анализирано според сектори, пораст на производството е регистриран во преработувачката индустрија од 3,9%, кој главно се должи на зголеменото производство на основни метали за 2,6 пати, со што се продолжи растечкиот тренд започнат во претходниот месец. Во секторот снабдување со електрична енергија, гас и вода, производството беше повисоко за 19,4%, што соодвествува со почетокот на грејната сезона. Единствено во секторот вадење на руди и камен е регистрирн пад од 61,9%, кој главно се должи на високата споредбена основа од претходниот месец.

Графикон 4
Динамика на индустриското производство
(во %)




***...при годишен и кумулативен пораст од 3,6% и 6,8%,соодветно***

На годишна основа, индустриското производство е повисоко за 3,6%, при регистриран пораст на производство речиси кај сите главни групи на индустриски производи (исклучок е производството на интермедијарни производи кое бележи годишен пад). Во периодот јануари-октомври 2003 година, во споредба со истиот период од претходната година, индустриското производство е повисоко за 6,8%. Секторски анализирано, пораст на производството е регистриран во преработувачката индустрија (од 7,9%, главно како резултат на зголеменото производство на нафтените деривати, основните метали и прехранбени производи за 69,6%, 48,6% и 11,3%, соодветно) и секторот снабдување со електрична енергија, гас и вода (од 13,2%).